ИНСТИТУТ
ЗА ЕКОНОМСКИ
СТРАТЕГИИ И
МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
ОХРИД

# Република Македонија има 61,2 % економска слобода

**Позиција во светот: 78-ма од 183**

**Регионална позиција :33-та од 43 земји**



**Десет економски слободи во Република Македонија**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 58.2 | **Бизнис слобода** | Просек 64.3 | 50.0 | **Инвестициска слобода** | Просек 48.8 |
| 81.6 | **Слободна трговија** | Просек 73.2 | 60.0 | **Финансиска слобода** | Просек 49.1 |
| 89.4 | **Фискална слобода** | Просек 74.9 | 30.0 | **Право на сопственост** | Просек 44.0 |
| 65.1 | **Големина на Влада** | Просек 65.0 | 33.0 | **Слобода од корупција** | Просек 40.3 |
| 85.4 | **Монетарна слобода** | Просек 74.0 | 59.8 | **Работна слобода** | Просек 61.3 |

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

**Население:**

- 2.0 милиони

БДП:

- $16.0 милијарди
- 3.7% пораст во 2006
- 3.1% 5- годишен развој
- $7,850 по лице

**Невработеност:**

- 35.0%

**Инфлација:**

- 2.2%

**Прилив:**

- $350.5 милиони

Во однос на економската состојба Македонија се наоѓа на 61,2% што ја прави 78 слободна економија во индексот за 2009 година. Местото на табелата остана скоро непроменето од минатата година, притоа резултирајќи со опаѓање на бизнис слободата со што компензира со подобрување на слободата од корупција. Македонија е рангирана на 33 тото место од 43 земји во Европа и регионот.

Трансформацијата на македонската економија во пазарна економија сеуште продолжува. И покрај прекинувањата во процесот на либерализација, Македонија сеуште има бенефиции од претходните реформи. Во последните години, земјата постигна стабилен годишен пораст од околу 3%. Македонија покажува висок степен на пазарна трговија, фискална слобода и монетарна слобода. Стапките на персоналниот и корпоративниот данок на доход се доста конкурентни, и монетарната стабилност е релативно добро задржана. Со својата

просечна царинска такса и не царинска бариера, Македонија е генерално отворена за глобална трговија.

Како и да е, креирањето на средина која е вистински корисна за динамичен економски пораст останува предизвик. На Македонија и недостасува институтционален капацитет за заштита на правата на сопственост и за борбата против корупцијата. Правата на сопственост не се безбедни, посебно во однос на други земји во Европа, во најголем дел поради судскиот систем кој е подлежен на корупција, политичко вмешување и неефикасност.

**Историјат:**

Откако Македонија ја доби независноста од бивша Југославија во 1991 година, Македонија се соочи со непријатна политичка и економска транзиција. По конфликтот во 2001- ва година, каде Охридскиот договор спречи граѓанска војна со што албанското малцинство доби поголемо признание во унитарната земја. Македонија сеуште има високо ниво на невработеност, еден од најниските БДП во Европа и високо ниво на неформална економска активност. Никола Груевски стана премиер во август 2006 година и повторно дојде на власт во 2008 година на предвремени избори кои беа критикувани од меѓународните мониторинзи. Владата се обидува да добие членство во ЕУ и НАТО но Грција за време на НАТО самитот во 2008 година поради тековниот конфликт ја блокираше поканата.

**Бизнис слобода –58,2 %**

Вкупната слобода за започнување, водење и затварање на бизнис во Македонија е лимитирана од регулаторната средина. За започнување на бизнис во просек потребни се 9 дена, споредено со светскиот просек од 38 дена. Сепак, поседување на бизнис дозвола повеќе чини од светскиот просек од 18 процедури. Банкротнките процедури може да бидат долги и заморни.

**Слободна трговија – 81,6%**

Измерениот просек на тарифната стапка на Македонија изнесуваше 4,2 % во 2006 година. Увозните даноци, увозните и извозните квоти, некои увозни рестрикции, увозни дозволи, нетранспарентни регулативи и стандарди и корупцијата во царинските процеси, се тоа влијае на вредноста на трговијата. Според тоа, 10 поени се одбиени од износот на слободната трговија на Македонија поради овие нецарински бариери.

---

**Фискална слобода – 89,4 %**

Македонија употребува ниски стапки на данок. Во јануари 2008 година стапките на персоналниот и корпоративниот данок на доход беа намалени од 12% на рамни 10%. Другите даноци вклучуваат данок на додадена вредност (ДДВ) и данок за пренос на сопственост. Во последно време, вкупниот државен данок како процент од БДП, изнесуваше 29,3%. Реформите во даночната администрација се во тек.

---

**Големина на Влада– 65,1 %**

Вкупните трошоци на Владата во Македонија, вклучувајќи потрошувачка и трансфер на исплаќање се средни. Во последно време потрошувачката на Владата се изедначи со процентот на БДП 34,1%. Во јануари 2008 година Владата ја елиминираше финансиската поддршка и започна со промоција на приватниот сектор, вклучувајќи се во енергискиот сектор со приватизација на мали и средни хидроелектрични фабрики. Електро енергетскиот сектор останува значаен за понатамошни реформи.

---

**Монетарна слобода – 85,4 %**

Во Македонија инфлацијата е значително ниска, просечно 2,3% помеѓу 2005 година и 2007 година. Повеќето цени се утврдени на пазарот, но Владата продолжува финансиски да ги поддржува земјоделството и притоа да влијае на одредени цени низ претпријатија во државна сопственост и искористување, како што е електричната енергија. Според тоа, дополнителни 5 проценти се одземени од монетарната слобода на Македонија поради овие политики кои ги искривија домашните цени.

**Инвестициска слобода– 50,0 %**

Македонија им обезбедува на странските и домашните инвеститори еднаков третман и дозволува странци да инвестираат во сите домашни фирми, освен во делот на производството на оружје и наркотици. И покрај превземените чекори за гарантирањето на странските инвестиции, бирократијата може да биде бавна, неефикасна, со недостаток на адекватни средства и предмет на политички притисоци и корупција. Странските инвеститори може да се здобијат и со фирми во државна сопственост кои се предвидени за приватизација, политичката нестабилност ја ослабнува бизнис средината. Граѓаните на Република Македонија како и странците може да имаат странски сметки за размена кои се предмет на согласност и некои рестрикции. Исплаќањата и трансферите се соочуваат со неколку контроли и рестрикции. Повеќето главнини и активности на пазарот бараат одобрение од Владата, или пак да бидат регистрирани. Валутата не е конвертабилна на меѓународните пазари. Странските инвеститори имаат права за употреба на земјиште но не и сопственост на истото.

**Финансиска слобода – 60,0 %**

Финансискиот сектор во Македонија не е целосно развиен, но сепак расте како и поттикот на државата за развој на приватниот сектор и странските инвестиции. Странското присуство во финансискиот сектор е значително, пресметано околу 60% од вкупниот банкарски посед. И покрај постепените напори за заврстување на финансискиот сектор сепак остана релативно слаба. Банкарскиот сектор е високо концентриран и трите најголеми банки сметаат околу 70% од сите депозити и заеми. Банкарското посредништво е релативно ниско, но кредитот е одреден на пазарни услови. Регионалното усвојување на еврото во 2002 година доведе до тоа многу македонци да направат промена на небанкарските заштеди во новата валута, притоа зголемувајќи ги стапките на вложување. Капиталните пазари се недоволно развиени и не се во можност да овозможат целосен избор на кредитни алтернативи за бизнис. Активноста на македонската берза постепено расте, а бројот на наведените компании е зголемен.

**Право на сопственост - 30,0 %**

Заштитата на сопственост во Македонија е слаба. Извршната власт влијае врз судската. Недостатокот на ефикасно владеење и несигурност на правата на сопственост во регистрацијата на реалната сопственост како и поседување на земја, го попречува инвестирањето и развојот. Владата превзеде одредени мерки за борба против пиратеријата на предмети како ЦД-ња, ДВД-ња, софтвери, сепак доста од пиратеријата останува за продажба.

**Слобода од корупција –33,0 %**

Корупцијата е од големо значење за една држава. Македонија се наоѓа на 84тото место од 179 држави во Индексот на перцепции за корупцијата за 2007 година, Transparency International, што претставува значителен напредок од 2006 година. Корупцијата ја има во сите гранки на администарцијата, посебно во полицијата и судството. Стапување на сила на закони против криминалитетот како употреба на дрога, перење пари и корунтирани практики е недоволно.

**Работна слобода – 59,8%**

Правилата за работа на Македонија го отежнуваат развојот во вработувањето, придонесувајќи за една од највисоките стапки на невработеност во регионот. Трошоците за вработување на еден работник се многу големи, но од друга страна тешкотијата во отпуштање на вработениот создава дестимулација за ново вработување. Правилата во однос на работните часови се доста строги.